**ЗАПИСНИК**
**од 19–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.06.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Сања Филиповска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.06.2021 година.
2. Предлог-заклучок за начинот на одржување на седниците на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за одобрување на финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", со Предлог – Одлука.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.06.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски го образложи Предлог-заклучокот за начинот на одржување на седниците на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека идејата на овој предлог е Советот и понатаму да продолжи со праксата да има две можности за начинот на одржување на седници односно да ги одржува преку видео конференциска врска или по потреба и со физичко присуство во просториите на Агенцијата, во зависност од состојбата со Коронавирусот. Посочи дека во овој момент Советот брои шест члена и можно е да се јават потешкотии со обезбедување на кворум. Наведе дека сега е период кога се користат годишните одмори и при тоа не се знае кај нас каква ќе биде состојбата со делта сојот на корона вирусот. Од тие причини предлогот е ваквиот начин на работа да не се продолжи за 2-3 месеци туку да се стави датум до 31 декември 2021 година. Секако рече доколку состојбата рапидно се подобри Советот може во септември или октомври седниците да ги одржува со физичко присуство, но добро е оваа можност да постои. Му даде збор на директорот доколку има нешто да додаде.

Г-дин Трајчевски објасни дека текстот на заклучокот е ист како и претходниот со тоа што е сменет само датумот. На Советот останува како ќе одлучи во однос на усвојување на предложениот заклучок.

Г-дин Петрушевски потврди дека содржината на заклучокот е идентична само е сменет терминот. Со предложениот начин на работа се отвораат можности да се приклучат членовите на интернет од автомобил или од некој друг град односно местото каде што го користат годишниот одмор во нашата земја или во странство. Затоа е многу важно доколку престојуваат во хотел претходно да обезбедат Wi-Fi за да може да присуствуваат на седницата. Објасни дека доколку еден член отсуствува може и да помине некако гласањето но ако двајца отсуствуваат можно е да настане проблем. Затоа рече дека лично очекува додека се на одмор да бидат присутни на седница бидејќи сега така налага состојбота. Од таа причина овој заклучок се предлага и заради Коронавирусот COVID-19 и заради намалениот број на составот на членовите на Советот.

Поради потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција, спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, Советот на Агенцијата едногласно одлучи во периодот до 31.12.2021 година седниците да се одржуваат преку видео конференциска врска.

Во текот на времетраењето на наведениот период, седниците на Советот може да се одржуваат и со физичко присуство во просториите на Агенцијата, во зависност од состојбата со Коронавирусот.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за одобрување на финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", со Предлог – Одлука. Објасни дека станува збор за единствен понудувач на оваа услуга а исто така ова е пракса со години наназад во работата на Агенцијата да има пристапи на електронската

база на прописи на Службен весник на Република Северна Македонија. Наведе дека колку има поголем број на барања за пристапи толку цената е пониска.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 44.000,00 денари со пресметан ДДВ 18% за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“, за период од 12 месеци.

Горенаведените финансиски средства се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2465/4**
**02-07-2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**